TITAN
CEMENTARNICA USJE

Почитувани соработници,

Цементарница УСЈЕ како општествено одговорна компанија секогаш се грижи за здравјето и добросостојбата на вработените и на сите свои соработници.

Со цел заштита на своите вработени и соработници од заканата за ширење на COVID-19 вирусот и земајќи ги предвид мерките и препораките на Владата, Компанијата презема голем опсег на мерки за спречување на ширењето на вирусот преку:

- ✓ **Здравјето на нашите луѓе е највисок прироритет за нас!**

  Направивме реорганизација за да го намалиме бројот на вработени согласно препораките на Министерството за здравство преку работа од дома за оние вработени чии обврски го дозволуваат тоа, обезбедивме платено отсуство за ризичните групи вработени (хронични болни и родители на деца до 10 години и деца со посебни потребни до 26 години), направивме план за ротација на оние вработени чии обврски налагаат присуство во фабриката за да го намалиме бројот на вработени присутни во нашите простории во исто време.

  Компанијата препорачува и очекува од своите вработени да го стават здравјето на прво место, да ги намалат или во целост ограничат сите контакти, како и да не патуваат во други градови и држави.

  Сите вработени се задолжуваат строго да се придржуваат до препораките, мерките и заклучоците на Владата.

- ✓ **Здравјето на сите луѓе е највисок прироритет за нас!**

  Извршивме **целосна дезинфекција во целата компанија**, а преземавме и дополнителни мерки за **одржување на хигиената во компанијата**, за да го намалиме ризикот од ширење на вирусот.

  Вршиме проверка на телесната температра на секој кој влегува на капијата на фабриката, вработени, изведувачи, подизведувачи, превозници и соработници.

  Го ограничуваме бројот на лица во затворен простор, на пример, во чекалната во Секторот за продажба.

Воедно, Цементарница УСЈЕ се вклучи во борбата за спречување на ширење на Корона вирусот во нашата земја со донација во медицинска опрема и материјали во износ од 50.000 евра.

Ве повикуваме и вие да се приклучите кон одговорниот и посветен пристап во ова време на вонредни околности што ги создаде ширењето на Ковид 19 и интензивно да ги применувате сите препораки на Владата и Министерството за здравство.

**Сите ние сме одговорни за нашето здравје и за здравјето на нашите најблиски.**
**Да се однесуваме одговорно!**

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**